ОПШТИНА БИТОЛА

Врз основа на член 22 став 1 точка 2 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002), член 16 став 1 точка 2 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр.10/2005, 17/2008, 08/19, 14/20 и 19/20) Програмата за заштита на животната средина за 2020 година („Службен гласник на Општина Битола“ бр.2/20) и член 4 став 4 од Правилникот за субвенционирање на домаќинствата во Општина Битола за набавка и монтажа на високоефикасни инвертер клима уреди („Службен гласник на Општината Битола” бр.02/20, 12/20 и 13/20), Општина Битола објавува

**ЈАВЕН ПОВИК БР. 02/2021**
**за избор на правно лице за собирање на користени печки на тврди и фосилни горива**

1. Општина Битола спроведе постапка по Јавен повик за субвенционирање на домаќинствата во Општина Битола за набавка и монтажа на високоефикасни инвертер клима уреди. Согласно член 4 став 4 од Правилникот за субвенционирање на домаќинствата во Општина Битола за набавка и монтажа на високоефикасни инвертер клима уреди („Службен гласник на Општината Битола” бр.02/20, 12/20 и 13/20), печките на тврди и фосилни горива кои претходно ги користеле добитниците на субвенции треба да бидат одземени од Општина Битола, а собирањето на печките може да биде извршено од страна на правно лице кое ќе биде избрано од Општина Битола.
2. Целта на овој јавен повик е избор на правно лице за собирање на користените печки на тврди и фосилни горива од добитниците на субвенции по Јавниот повик за субвенционирање на домаќинствата во Општина Битола за набавка и монтажа на високоефикасни инвертер клима уреди. Вкупниот број на печки за собирање од добитниците на субвенции изнесува 2683. Видот на печките може да се утврди со увид во фотографиите кои добитниците на субвенции ги имаат доставено до Општина Битола.
3. Право на учество на јавниот повик имаат сите домашни и странски правни лица кои поседуваат важечка Дозвола за собирање и/или транспортирање на отпад, издадена од надлежен орган и кои ги исполнуваат другите критериуми и услови утврдени во документацијата за јавниот повик.
4. Избраното правно лице на јавниот повик ќе има обврска да изврши преземање на користените печки предмет на јавниот повик на сопствен или изнајмен плац на подрачјето на Општина Битола и истите да ги уништи и да ги транспортира како отпад на соодветен начин, согласно со законските прописи.
5. Подетални информации за користените печки (увид во каталогот со фотографии од печките), начинот за нивно собирање, како и потребната документација во врска со јавниот повик можат да се добијат лично во просториите на Општина Битола на ул. „Булевар Први Мај“ бр.61 во Битола.
6. Лица за контакт во врска со јавниот повик: Андреј Гулабовски, телефон за контакт: 071/294-003, електронска адреса: andrej.gulabovski@gmail.com и Александра Ангеловска, телефон за контакт: 047/208-311, електронска адреса: angelovskas@yahoo.com.
7. Крајниот рок за доставување на пријавите за учество е 21.05.2021год. до 13:00 часот.

**ОПШТИНА БИТОЛА**